Република Северна Македонија
Јавна детска градинка СРНИЧКА
на општина Аеродром
Бр. 02-395
30.07. 2025 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 143 ст.17 од (Сл. весник на РМ бр.23/2013; 12/2014; 44/2014; 144/2014; 10/2015; 25/2015; 150/2015; 192/2015; 27/2016; 163/2017; 21/2018; 198/2018) и Службен весник на РСМ бр.104/2019; 146/2019; 275/2019; 311/2020 294/2021 и 17/2025), член 39 од Статутот на ЈДГОА СРНИЧКА – Скопје (бр.03-63/2 од 23.01.2014 година – пречистен текст), Согласноста од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства за вработување на работници во ЈДГОА СРНИЧКА - Скопје на неопределено време (бр.19-4966/2 од 13.05.2025 година), како и врз основа на Ранг – листата од најуспешни кандидати по јавен оглас бр.02/2025 (бр.03-386/1 од 29.07.2025 година) и Предлогот за избор на кандидати од Комисијата за селекција (бр.03-387 од 29.07.2025 година) за вработување на работници на неопределено време, ВД Директорот на ден 30.07.2025 година донесе:

# О Д Л У К А

**за избор на кандидат за вработување на неопределено време во ЈДГОА СРНИЧКА – Скопје за следното работно место:**

1. За работно место негувател – 1 извршител во ЈДГОА СРНИЧКА – Скопје на неопределено време се избира кандидатот:

   **Габриела Јовчевска**

2. Со избраниот кандидат од точка 1 на оваа Одлука ќе се склучи договор за вработување на неопределено време по правосилноста на Одлуката;

3. Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесувањето, а ќе се приемнува по правосилноста.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Врз основа на добиената согласност за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии за вработување на работници во ЈДГОА СРНИЧКА – Скопје и потребата на Градинката, ВД Директорот на Градинката донесе Одлука за прием на работници на следното работно место: негувател – 1 извршител и Одлука за формирање Комисија за селекција на работници која ја спроведе постапката по јавниот оглас бр.02/2025 кој беше објавен во дневните весници Нова Македонија и Коха на ден 19.07.2025 година.

По спроведувањето на целокупната постапка по огласот, Комисијата, достави до ВД Директорот ранг – листа од најуспешни кандидати и Предлог за избор на кандидати за работното место од јавниот оглас.

Врз основа на ранг – листата и предлогот од Комисијата, ВД Директорот донесе Одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволните кандидати имаат право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум дена од денот на приемот на истата

**Доставено до:** Кандидатот
Архива

**Изготвил:** Јанко Ралев – секретар

**ЈДГОА СРНИЧКА – СКОПЈЕ**
**ВД ДИРЕКТОР**
м-р Атинула Ничова